РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 09-3867/5
17-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на четириесет и втората седница, одржана на ден 11.12.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Во постапка иницирана по службена должност од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата беше утврдено дека службеното лице -------- --------- заменик претседател на Владата на РСМ, во законски предвидениот рок по изборот на функцијата не поднел анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија, што е спротивно на член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување корупција и судир на интереси.

Државната комисија согласно своите законски надлежности предвидени во член 109 став 1 точка 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, поведе прекршочна постапка против лицето ------ ------- - заменик претседател на Владата на РСМ, а тој достави доказ за извршена уплата на прекршочната санкција.

Постапувањето по предметот со број 09-3867/1 од 11.11.2020 година се **ЗАПИРА** и истиот да се затвори и архивира.

**Образложение**

Предметот со број 09-3867/1 од 11.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

Државната комисија по извршен увид во својата евиденција, констатира дека лицето ------- ------ - заменик претседател на Владата на РСМ бил избран на функцијата која ја врши од 30.08.2020 година, а за тоа не ја исполнил законската обврска предвидена во член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите

**Член 82**

*(1) Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република*

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.*

*(3) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси и во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата односно вработувањето.*

По вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија до лицето ------- ------- достави прекршочен платен налог и го извести за сторениот прекршок и за тоа дека е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, ул. „Даме Груев" бр. 1, 1000 Скопје, а во спротивно овластено службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија.

Во законски предвидениот рок, службеното лице ------- -------- постапи по барањето на Државната комисија, односно достави доказ до Државната комисија за извршена уплата, а достави и анкетен лист и изјава за интереси.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, како и дејствијата преземени од страна на Државната комисија за спречување на корупцијта, односно поведената прекршочна постапка поради констатиран прекшок и преземените дејствија од страна на службеното лице, односно доказ за извршената уплата, Државна комисија на својата четириесет и втората седница одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Изработил:
м-р Ема Нешкоска - Соработник
Одобрил:
Софка П. Дојчиновска